**Информација поврзана со 50-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одржано на 31.05.2022 година**

Во однос на точка 4 од ревидираниот Дневен ред на 50-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје одржана на 31.05.2022 година, а која се однесуваше на предлог Статутарна одлука за изменување на Статутот на Стопанска банка АД – Скопје во однос на правата на акциите, предлог доставен од Национална банка на Грција, информираме за следново:

Имајќи предвид дека со предложената Одлука се влијае врз правата кои произлегуваат од двата рода на акции, за усвојување на истата потребно е согласност и од сопствениците на приоритетни акции.  Поради ова, се пристапи кон утврдување дали постои кворум за гласање и од сопствениците на приоритетни акции. Согласно член 393 од Законот за трговски друштва, за валидност на гласањето потребно е присуство на верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на приоритетни акции, што во случајот на Стопанска банка АД – Скопје подразбира присуство на сопственици на 113.723 приоритетни акции.

Нотарот утврди присисуство на помал број на пријавени и претставени акционери  од потребниот број на верификувани учесници кои поседуваат помалку од мнозинството од приоритетните акции, односно 19.753 приоритетни акции (8.7% од вкупниот број на приоритетни акции). Поради ова, **се утврди дека НЕМА кворум за одлучување по точка 4 од Ревидираниот Дневен ред на 50-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје.**